## ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ

**Час:** 6
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 1 - основи на користење компјутер и друга ИТ
**Наставна содржина:** Работа со икони и прозорци, датотеки и папки
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да се оспособи за основни операции во оперативниот систем
**Очекувани резултати:** Умее да отвора и преместува икона, умее да минимизира, максимизира и да промени големина и локација на прозорец; селектира, копира, преместува, преименува и брише датотеки и папки
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка работа, индивидуална работа
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање, метод на демонстрација, метод на практична работа
**Наставни средства:** Компјутери
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Набљудување, чек - листа, извршува разни операции со икони и прозорци

## ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ

**Воведна активност:** Преку прашања го повторуваме она што е учено досега: Што е хардвер, а што софтвер? Кои два вида на софтвер ги познавате? Набројуваат кои операции врз иконите, прозорците, датотеките и папките може да ги вршат.
**Учечко - поучувачки активности:** Иконите се сликички кои претставуваат програми, датотеки и папки коишто ги има на компјутерот. На сликата е претставена икона за програма, икона за папка и икона за датотека/документ. Со двоен клик врз неа, се отвора нејзината содржина:

- Ако иконата претставува папка, се отвора прозорец кој ги покажува датотеките што ги содржи таа папка;
- Ако иконата претставува датотека, се стартува програмата во која е креирана, која ја прикажува нејзината содржина;
- Ако иконата претставува програма, се стартува таа програма.

Можеме да го промениме називот и позицијата на иконата на екранот. Покажувам како се прави тоа, користејќи ги тачпадот и тастатурата.
АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ: Ја отвораат и ја менуваат локација на иконата. Се отвораат три типови на икони:

- на папка
- на датотека и
- на програма.




obrazovanie.literatura.mk

Разни програми ја прикажуваат својата содржина во прозорци. Постојат разни видови копчиња на прозорците:

- за мени на прозорецот;
- за минимизирање на прозорецот;
- за зголемување и намалување на прозорецот и
- за затворање на прозорецот.

На врвот на прозорецот има црвена лента, во која ни се прикажани следниве информации за прозорецот: кој документ е отворен и која програма го отвора дадениот документ.
Користејќи го тачпадот, се демонстрира како се минимизира прозорец, како се затвора, како се зголемува или намалува и како му се менува положбата на екранот.
Потоа се бара од учениците самостојно да ги извршат техниките на минимизирање, промена на големина и позиција на прозорец и затворање на отворен прозорец, како и преименување и менување локација на икони.
АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ: Менуваат локација на прозорецот и ја менуваат неговата големина, потоа минимизираат и максимизираат отворен прозорец.




Прозорец на програмот „Прелистувач на датотеки“

Прозорец на програмот „Open Office.org Writer“

Со датотеките и папките може да се прават одредени операции: копирање, преместување, преименување или бришење. Со нив се запознаваме од следните активности: Со тоа што ќе кликнеме врз папката или датотеката, ја селектираме и на компјутерот му кажуваме дека сакаме да направиме нешто со неа – можеме да ја копираме, преместиме, преименуваме или да ја избришеме – да ја фрлиме во канта за отпадоци. Ако избришаната датотека или папка повторно ни затреба, можеме да ја „извадиме“ од кантата за отпадоци. Се задржувам на секоја од овие операции и ја објаснувам.
АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ: Копираат, преместуваат, преименуваат и бришат папка и датотека, а потоа ја враќаат избришаната папка и датотека.
**Активности за евалуација:** Објаснуваат и демонстрираат техники за промена на изгледот на иконите и прозорецот.

obrazovanie.literatura.mk